# Упатство за користење на платформата – Енергетска Платформа

- www.platform.solar.org.mk -



Почитуван кориснику,

Добројдовте на краткото упатство за користење на соларната платформа – Platform.solar.org.mk којашто има за цел да ги промовира обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност и претставува релевантен извор на информации со цел да помогне во унапредувањето на овие сектори.

Подолу ќе најдете информации за:
1. Општи информации за платформата
2. Насоки за креирање на профил на платформата
3. Насоки за објава на активност (компанија, индивидуалец, оглас, настан)

## 1. Општи информации за платформата

Синергијата помеѓу сончевата енергија и енергетската ефикасност претставува моќна комбинација која ја предводи енергетската транзиција кон поодржлива енергетска иднина. Прифаќањето на чистите, обновливите извори на енергија, како што е сончевата енергија, заедно со оптимизирањето на начинот на кој ја користиме енергијата, се клучни во справувањето со еколошките предизвици и создавањето на еластичен и ефикасен енергетски екосистем за генерациите што доаѓаат.

Има низа на чинители кои работат во овие области. Со цел вмрежување на овие чинители, зголемување на информираноста во врска со стандардите, новите технологии, финансиските можности како и тековните настани, креирана е Платформата за енергетска ефикасност.

Платформата е резултат на проектна активност. Македонската соларна асоцијација го спроведува проектот „Подигање на европските стандарди кај ММСП кои работат со соларна технологија" (Increasing the European standards in MSMEs that work with solar technology). Истиот се спроведува со грантова поддршка на УСАИД проектот „**Активност за јакнење на деловниот екосистем"** имплементиран од Консалтинг за стратешки развој.

**Платформата ги промовира обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност и претставува релевантен извор на информации со цел да помогне во унапредувањето на овие сектори.**

**Платформата нуди:**

- **Листа и мапа на компании, индивидуалци и монтажери** кои работат во областа на сончевата енергија и енергетската ефикасност. На овој начин се добива слика за тоа кој се работи во секторот, кои услуги ги нуди и во кој регион. Со тоа се олеснува поврзувањето помеѓу давателите и корисниците на услугите.
- **Информации за повици и грантови, можности за финансирање**;
- **Претстојни настани, обуки, работилници** поврзани со сончевиот сектор и енергетската ефикасност;
- **Огласи за вработување** – копаниите можат овде да ги објават своите повици за вработување, а оние кои бараат работа во секторот на обнолвиви избори на енергија и енергетска ефикасност да најдат соодветен оглас и компанија.
- Информации за важни **стандарди при инсталирање на сончеви системи** како и стандарди и сертификати за сончевата опрема;
- Информации за **нови технологии, актуелни содржини** и новости;
- Место за пријавување на **успешни приказни**;
- **Едукативни ресурси и калкулатори;**

Само со зголемена информираност, квалитетно работење, следење на новитетите, соработка, заедничка посветеност и вклученост на сите чинители во овие области можеме да изградиме зелена иднина за сите генерации.

## 2. Креирање на профил на платформата

Креирањето на профил на платформата започнува преку пристап со копчето „Најави се“ кое се наоѓа во десниот горен агол.




Со кликање на копчето „Најави се“ ќе се отвори нов прозорец којшто ќе ви овозможи процес на најава, а овде истовремено ќе може да извршите креирање на ваш профил.

Преку кликање на опцијата „Регистрирај се, ќе ви се отвори поле за регистрација на самата платформа:




Платформата вклучува 2 типа на корисници:

1. **Гостин** – Ова поле е наменето за посетители кои што сакаат да ги зачуваат компаниите од нивен интерес во нивниот кориснички панел и во иднина да имаат брз пристап до истите.

2. **Сопственик** – Ова поле е наменето за сопствениците на компании и индивидуалци кои што сакаат да ја објават својата компанија или услуги кои што ги нудат. Дополнителни овој тип на корисник има можност да објавува огласи и настани.




При пополнување корисникот пополнува:
- Корисничко име – ова ќе ви овозможи пристап/најава во платформата по успешно креирање на профилот
- Лозинка – којашто ќе ја користите при најава на платформата и управување со вашите објави
- Ваше лично Име и Презиме
- Е-адреса (email) каде што ќе и пристигнуваат сите известувањата поврзани со вашите активности на платформата.

При регистрација корисникот е должен да ја прегледа Политиката за приватност и се согласи со истата со цел да му се овозможи користење на услугите на платформата.

По успешно пополнување на полињата, кликаме на полето „Регистрирај се". По завршување на процесот на успешна верификација, самиот систем ќе ве пренасочи на почетната страница каде што ќе бидете веќе најавени.

Чести предизвици

- Системот користи позадинска верификација од Google reCAPTCHA со цел заштита од роботи и спам регистрации и можно е да побара од вас да извршите верификација или потврдите дека вашиот компјутер не е дел од роботска (спам) мрежа. Во овој случај, пополнете ја успешно верификација или доколку ви покаже порака дека не може да ве верифицира, кликнете одново на копчето „Регистрирај се" со цел стартување на процесот на верификација одново.

## 3. Насоки за објава на активности

До системот за објава на активности пристапуваме преку кликање на копчето „Објави" кое се наоѓа во десниот горен агол. За приказ на оваа функционалност потребно е предходно да направите Најава или Регистрација на платформата.




По кликање на копчето, платформата ќе ве насочи кон позадинскиот дел каде што ќе имате можност за селекција на тип на активност за објава. (За пристап до овие функционалности потребно е да имате креирано профил под тип „**Сопственик**").




Платформата нуди објава на 4 типа на активности:

1. Компании – наменето за компаниите од областа на енергетската ефикасност
2. Индивидуалци / Монтажери – Физички лица кои што вршат изведба, проектирање, надзор, нудат одредена експертиза или пак вршат монтажа и одржување на одредена технологија
3. Настани – Едукативни и промотивни настани
4. Огласи – Можности за вработување во вашите компании

Во следниот чекор ќе ве запознаеме со основните полиња за пополнување при додавање на активност.

(Платформата содржи неколку уникатни полиња коишто се однесуваат за сите типови на објава на активност и истите ќе ги опфатиме само еднаш)

Основни информации



1. Полето „Назив“ е уникатно поле и се однесува за сите типови на активности. Овде внесуваме:
   - Назив на компанија (за компании)
   - Назив на индивидуалец или монтажер – Име и Презиме (за индивидуалци и монтажери)
   - Назив на оглас, доколку се работи за оглас
   - Назив на настан
2. Лого / Лична фотографија – овде прикачуваме лого на компанијата или фотографија на индивидуалците
3. Категорија и технологија – Селектираме соодветна категорија и технологија за којашто нудиме одредена услуга или производ
4. Клучни зборови – овде внесуваме до најмногу 15 клучни зборови и истите ги одвојуваме со запирка. Ова потоа се користи во формите за пребарување. (пример за внес: ПВЦ, прозори, Енергетски прозори,)




Секоја од посебните типови на активности вклучува:

1. Компании
   a. Даночен број – внесуваме даночен од тековна состојба
   b. Матичен број на фирма – внесуваме матичен број од тековна состојба




2. Индивидуалци
   a. Важност на лиценца – внесуваме датум
   b. Број на лиценца – бројот на лиценца
   c. При селекција на категорија – Индивидуалци – системот ќе ви понуди дополнителни филтри односно – Експерти, Изведба, Надзор и Проектирање
3. Монтажери
   a. Образование – стекнато образование

b. Работно искуство – број на години (на пр. 5 години)




4. Настани – внесуваме почеток и крај на настанот




5. Огласи – внесуаме дополнително Назив на компанија, работна позиција, рок за аплицирање и наменета плата за позицијата




## Локација

1. Адреса – во ова поле внесете ја вашата адреса и кликнете **Ентер** за приказ на адреси според системот на мапа. Потребно е да направите селекција или да внесете адреса со цел системот да повлече координати за приказ на мапата.
2. Регион – одберете соодветен регион согласно вашата адреса




## Опис

Во полето „Опис“ внесете информации вашата компанија каде подетално ќе ги наведете вашите услуги и производи. Доколку сте индивидуалец/монтажер искористете го ова поле да го наведете вашето искуство, вештини, име на завршен курс и година, тип на системи, работно искуство, како и успешно спроведени проекти. Истовремено, ова е главно поле за внесување на текст во делот на настани и на огласи за вработување.




Дополнително ова поле вклучува можност да поставите ваши контакт податоци, како и врски до вашите профили на социјалните мрежи.




Во ова поле дозволено е и прикачување до 4 датотеки коишто може да вклучуваат ваше портфолио, каталог на производи што ги нудите или промотивни материјали од вашата активност. Препорачуваме фајловите што ќе ги прикачувате да бидат во формат на .pdf документ и истите да бидат компесирани. Како алатка за конвертирање на вашите документи во пдф или компресирање ви препорачуваме да ја користите - [https://www.ilovepdf.com/](https://www.ilovepdf.com/).

Галерија




Во полето галерија препорачуаме прикачување на најмалку 3 фотографии. Преку ова поле вршите селекција на главна фотографија којашто ќе се прикажува на објавата при споделување и пребарување.

Со селектирање на една од поставените фотографии истата ќе се постави како главна слика за прикажување на објавата (означена со ѕвезда). Движете ги прикачените фотографии за нивно подредување. **Доколку сакате вашето лого или профилна слика да се прикаже како главна слика на објавата, ве молиме прикачете ја повторно и означете ја со ѕвезда.**

**Поднесување на активности**

По успешно пополнување на полињата кликаме најдолу на копчето „**Прегледај**“



Како следен чекор ќе се појави преглед на вашите внесени информации. Овде може да кликнете на копчињата:

1. Уреди активност – којашто ќе ве врати чекор назад за надополнување и измени на вашата активности
2. Продолжи – Поднесување на активноста за одобрување




Со кликање на копчето „Продолжи“ вршиме успешно поднесување на активноста и ја испраќате до тимот на Солар Македонија на разгледување и одобрување.




**Поддршка**

Асоцијација Солар Македонија

Е-адреса: platform@solar.org.mk

Е-адреса: trajkov-stefan@live.com